Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителите ------------ ----------- и -------- -------- ----------, двајцата од --------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, продолжение, одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 12 - 3647 од 2019 година, оформен по пријава со број 12 - 3647/1 од 23.07.2019 година, доставена од страна на подносителите ------------ ----------- и -------- -------- ----------, двајцата од --------, , **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12 - 3647 од 2019 година, во предметниот случај од страна на подносителите повлечена е поднесената пријава со приложената документација.

Предметот со број 12 - 3647 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 3647 од 2019 година е оформен по пријава со број 12 - 3647/1 од 23.07.2019 година, доставена до ДКСК од подносителите ------------ ----------- и -------- -------- ----------, двајцата од --------.

Во добиената пријава/претставка изнесени се наводи за изведување на градежни работи - надградба, без обезбедено одобрение за градење, над стан во

станбена зграда ------ на ул. -------- -------------- -Општина -------и сомневање за злоупотреба на вршење на јавни и други функции и должности заради остварување на лична корист а со настанување на ненадоместлива штета за сопствениците на зградата.

Од страна на подносителите на пријавата ------------ ----------- и -------- -------- ----------, двајцата од --------, преку полномошник адвокат ------- ----------- од --------, до ДКСК доставен е поднесок кој е заведен под архивски број 12 - 3647/2 од 31.10.2019 година, со кој ја повлекуваат претставката поднесена до ДКСК на ден 23.07.2019 година, а која во архивата на ДКСК била заведена под број 12 - 3647/1 од 23.07.2019 година. Кон поднесокот, доставени се полномошна, заверени на ден 30.10.2019 година, со кои подносителите ------------ ----------- и -------- -------- ----------, двајцата од --------, ги овластуваат адвокатите од Адвокатската канцеларија "--------" од Скопје, да ги застапуваат во граѓански, кривични, стопански, извршни, вонпроцесни, стечајни и управни постапки, и во сите правни работи пред судовите, пред други државни органи и установи, како и пред други правни и физички лица за заштита на моите права и на Закон засновани интереси.

На седницата, по разгледување на наводите на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во предметниот случај од страна на подносителите на пријавата повлечена е доставената пријава/претставка со прилог документација, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во предметниот случај, постапката по предметот оформен по доставената пријава се запира, предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и
- Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК